Врз основа на член 28 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.61/04, 96/04 ,67/07,156/09, 47/11,192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ„ бр. 244/19,53/21,77/21, 150/21и 173/22 ) а во согласност со член 113 од Статутот на општината Демир Хисар („Службен гласник„ бр. 3/02, 04/05, 07/09, 13/14, 18/16, и 10/19) Советот на општината Демир Хисар на 31 седница одржана на ден 26.12. 2023 година , донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ

Член 1

Се одобрува времено трошење на средства за редовно и нормално извршување на функциите на општина Демир Хисар и буџетските корисници во нејзин состав за периодот од 01.01.2024 год. до 31.03.2024 година .

Член 2

Трошењето на средствата по сметки , програми, потпрограми и ставки за секој месец ќе се врши најмногу до висина од 1/3 од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март а имајќи ги во предвид и готовинските текови .

Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука како нејзин составен дел се донесува и финансики план за нејзино спроведување за период од 01.01.2024 год. до 31.03.2024 год. , кој воедно ќе биде составен дел на Буџетот за тековната година . Висината од 1/3 од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година ја одредува Министерството за финансии.

Член 4

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при општина Демир Хисар .

Член 5

Одлуката влегува во сила со донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар „ .

Бр. 17- 1245/4
26.12. 2023 г.
Демир Хисар

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Претседател,
Љупчо Најдовски